МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

## за II година

Гимназиско образование

Скопје, 2025 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Музичка уметност |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | ***Задолжителен*** |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Музичката уметност низ времето***<br>• ***Музичка теорија преку практика***<br>• ***Музичка изведба и креативен израз***<br>• ***Музичко културно наследство*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет), која освен со стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• клавир/пијанино/електрично пијано и разновидни инструменти за бендови и оркестри;<br>• печатени материјали (нотни записи, прирачници, списанија, весници, книги, енциклопедии и друга литература);<br>• дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ТВ приемник, компјутер со пристап до интернет и апликација за пишување ноти, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла, ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред);<br>• аудио и видеозаписи на звучни носачи кои може да се репродуцираат на достапните уреди;<br>• едукативни дигитални материјали;<br>• интерактивна табла. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Музичка уметност во I година гимназиско образование може да ја изведува лице со завршени:<br>• студии по музичка уметност, наставна насока/музичка теорија и педагогија, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по музичка уметност, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема: ***МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НИЗ ВРЕМЕТО***<br>Вкупно часови: **44** | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. ги разликува композициите од класицизмот, романтизмот, импресионизмот, XX век и македонската композиторска школа, ги опишува нивните основни карактеристики и наведува истакнати композитори/изведувачи кои припаѓаат на музичките периоди, стиловите и жанровите ;<br>2. ги разликува и категоризира музичките инструменти и ансамбли во делата што ги слуша;<br>3. ја поврзува улогата на композиторите, изведувачите и слушателите во процесот на создавање, изведување и прифаќање на музичката уметност низ историјата;<br>4. објаснува за музичките изразни средства, изведувачкиот апарат, хомофонијата и дур-мол системот во делата што ги слуша;<br>5. ги препознава музичките форми согласно музичките епохи и ја објаснува нивната поврзаност со карактерот на слушаните дела, користејќи соодветна музичка терминологија. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |

| | |
|---|---|
| • **Претокласика**<br><br>(Глук, Перголези; рококо, галантен стил, орнаменти, хомофонија; опера seria - сериозна, опера buffa - комична) | • Ги опишува и наведува главните карактеристики на рококо стилот во музиката.<br>• Го опишува животот и творештвото на најзначајните претставници на рококо, односно галантниот стил во музиката..<br>• Прави разлика меѓу сериозната (opera seria) и комичната опера (opera buffa) според нивните тематски и музички особености.<br>• Ги препознава и анализира музичките стилови од претокласиката користејќи основни музички поими и изразни средства. |
| • **Виенски класицизам**<br><br>(Виенски класичари: симфониски оркестар, циклични форми: соната, симфонија, гудачки квартет, концерт за солист и оркестар; Франц Јозеф Хајдн, Волфганг Амадеус Моцарт, Лудвиг ван Бетовен;) | • Ја опишува улогата и значењето на музиката во општествениот и социјалниот контекст на музичкиот класицизам.<br>• Ја објаснува појавата и развојот на симфонискиот оркестар и улогата на цикличните музички форми (соната, симфонија, концерт и гудачки квартет) во музичкиот класицизам.<br>• Ги опишува животот и творештвото на виенските класичари (Хајдн, Моцарт и Бетовен).<br>• Ги анализира музичките форми од класицизмот користејќи соодветни музички поими и изразни средства, со акцент на стилските особености на симфониското творештво на виенските класичари. |
| • **Музички романтизам**<br><br>(Франц Шуберт, Феликс Менделсон, Роберт Шуман, Јоханес Брамс, апсолутна музика, соло песна, клавирска минијатура; Хектор Берлиоз, Франц Лист програмска музика, тонско сликање, симфониска поема, програмска симфонија, лајт мотив;) | • Го опишува животот и творештвото на претставниците на западноевропскиот музички романтизам (Шуберт, Шуман, Менделсон, Брамс, Лист, Берлиоз).<br>• Ја објаснува појавата и значењето на новите музички форми во романтизмот и ја опишува потребата од усовршување на музичките изразни средства.<br>• Прави разлика меѓу програмската и апсолутната музика според нивните карактеристики и изразни особености.<br>• Креира список на познати музички дела од западноевропскиот музички романтизам, организирани според нивната жанровска припадност. |
| • **Операта во романтизмот**<br><br>(Италија: белканто, Џоакино Росини, Џузепе | • Го опишува развојот на операта во Италија, Германија и Франција во текот на XIX век. |

| | |
|---|---|
| Верди; Германија: Рихард Вагнер, оперска реформа; Франција: Жорж Бизе, реализам) | • Ги објаснува основните елементи и новини во оперската реформа на Рихард Вагнер.<br>• Набројува познати оперски дела од репертоарот на Росини, Верди, Вагнер и Бизе.<br>• Анализира содржина на познати оперски дела од западноевропскиот музички романтизам. |
| • **Романтизам во словенските земји**<br>(национални школи, фолклор; Полска - Фредерик Шопен, балада за пијано, ноктурно, полонеза, мазурка, концертна етида; Русија - Глинка, Руска Петорка, Петар Илич Чајковски, национална опера, опера бајка, историска опера;Чешка - Беджих Сметана, Антонин Дворжак; национална симфонија и симфониска поема) | • Ја објаснува улогата и значењето на фолклорот во творештвото на композиторите од словенските земји.<br>• Ги опишува карактеристиките на националните музички школи преку животот и делото на познати композитори од Полска, Русија и Чешка.<br>• Препознава стилски особености на композиторите од различни национални школи преку слушни музички примери.<br>• Го објаснува значењето на музичките форми (опера-бајка, историска опера, полонеза, мазурка, симфониска поема, национална симфонија) во создавањето на националниот музички израз.<br>• Ја презентира улогата на музиката во изразувањето и зајакнувањето на националниот идентитет кај словенските народи. |
| • **Музиката во XX век**<br>(импресионизам, експресионизам, неофолклоризам, неокласицизам, музичка авангарда, електронска музика; Клод Дебиси, Морис Равел, Арнолд Шенберг, дванаесеттонска техника, Игор Стравински, Карл Орф, Бела Барток) | • Ги набројува музичките стилови карактеристични за XX век.<br>• Ги опишува и објаснува главните карактеристики на музичките стилови во XX век.<br>• Прави разлика и ги споредува делата од различни музички стилови на XX век.<br>• Наведува и препознава најпознати дела од Клод Дебиси, Морис Равел, Арнолд Шенберг, Игор Стравински, Карл Орф и Бела Барток. |
| • **Македонска композиторска школа**<br>(Стефан Гајдов, Трајко Прокопиев, Тодор Скаловски, Живко Фирфов, Глигор Смокварски, Благоја Ивановски, Властимир Николовски, Кирил Македонски, Тома | • Набројува неколку композитори од македонската композиторска школа.<br>• Објаснува од кога и како се развивала македонската композиторска школа.<br>• Наведува неколку познати дела од различни периоди на развојот на македонската композиторска школа. |

| | |
|---|---|
| Прошев, Томислав Зографски, Михајло Николовски, Ристо Аврамовски, Стојан Стојков, Томе Манчев, Димитрије Бужаровски, Гоце Коларовски, Јана Андреевска, Панде Шахов, Вулнет Таири, Фатос Лумани, Драган Ѓаконовски-Шпато, Љубомир Бранѓолица, Александар Џамбазов, Кире Костов, Илија Пејовски, Живојин Глишиќ) | • Опишува некои карактеристики или теми во делата на избрани македонски композитори. |
| • **Популарни музички жанрови**<br>(џез, поп, рок, техно, рап; филмска музика, музика за цртани филмови, видео игри и реклами; музичка продукција, тонско студио; фестивали/ концерти на популарна музика) | • Препознава и именува жанрови на популарната музика.<br>• Ја објаснува улога на популарните музички жанрови во современото општество.<br>• Споредува популарна и класична музика по најмалку три критериуми (форма, изведба, функција/публика и сл.).<br>• Опишува и аргументира најмалку три влијанија на популарната музика врз младите (барем едно позитивно и едно негативно), поткрепени со примери.<br>• |
| • **Насочено слушање**<br>(стилски период, композитор, наслов на дело, изведувачки состав, изразни средства, музичка форма и музички развој во корелација со содржините и поимите од темата Музичка теорија преку практика) | • Го препознава авторот, насловот и изведувачкиот состав на слушаната композиција.<br>• Ја анализира и вреднува изведбата на композицијата врз основа на употребените музички изразни средства и програмската содржина.<br>• Креира листа на музички примери поврзани со темата „Музичката уметност низ времето“.<br>• Ги разликува музичките поими: лајтмотив, увертира, чин, слика, дует и арија во слушаните музички примери. |

**Препорачани композиции (наставникот е слободен да направи сопствен избор на композициите за слушање од листата):*

**Список на композиции за втора година**

Доменико Скарлати – Соната во E-dur, K. 380
Џ.Б. Перголези „Слугинка господарка“ („Stizzoso mío stizzoso“)
Кристоф Вилибалд Глук - „Орфеј и Евридика“ („Che Faro Senza Euridice?“)
Хајдн - Соната за пијано бр.50 во D-dur (I став)

Хајдн – Симфонија „Часовник“ (I став)
Моцарт ,,Турски марш“
Моцарт ,,Реквием“ („Лакримоза“)
Моцарт – Соната во C- dur - „Фачиле “ (I став)
Моцарт – Симфонија бр. 40 (I став)
Моцарт „ Волшебна флејта“ (обрнете внимание на 0:40-1:20)
Моцарт - гудачки квинтет „ Мала ноќна музика“
Бетовен ,,Месечева соната“ (I став)
Бетовен ,,За Елиза“
Бетовен – V симфонија (I став)
Бетовен – IX симфонија (Финале)
Бетовен – VII симфонија (II став)
„Аве Марија“ - Франц Шуберт
„Пастрмка“ - Франц Шуберт
„Серенада“ - Франц Шуберт
„Музички миг бр.3“ - Франц Шуберт
Франц Шуберт - Симфонија бр.8 недовршена I-став
Франц Шуберт - соло песна „Шумскиот крал“ (или поточно „Кралот на вилите“)
„Свадбен марш“ од „Сонот на летната ноќ“ – Феликс Менделсон
„Концерт за виолина и оркестар во e-moll“ – Феликс Менделсон
„Детски сцени “ (бр. 1 и бр.7) – Роберт Шуман
Симфонија бр. 4 (III- Скерцо) - Роберт Шуман
Концерт за пијано и оркестар во a-moll ( I- став ) – Роберт Шуман
„Унгарски танц бр. 2“ – Јоханес Брамс
„Унгарски танц бр. 4“ – Јоханес Брамс
„Унгарски танц бр. 5“ – Јоханес Брамс
„Приспивна песна“ - Јоханес Брамс
Симфонија бр. 3, III став – Јоханес Брамс
„Фантастична симфонија“ („Сонување и страсти“ I став)- Хектор Берлиоз
„Фантастична симфонија“ („Собир на вештерките“ V став)- Хектор Берлиоз
„Фантастична симфонија“ („Пат кон губилиште“ IV став)- Хектор Берлиоз
„Проклетството на Фауст“ („Ракоци марш“)- Хектор Берлиоз
„Унгарска рапсодија бр.2 “- Франц Лист
„La campanela“ – Паганини/Лист
„Љубовен сон бр.3“ – Франц Лист

„Попладнето на еден Фаун“- Клод Дебиси
„Арабеска бр.1“ – Клод Дебиси

„ Болеро“ – Морис Равел
„ Петрушка“ (фрагменти) - Игор Стравински
„Посветување на пролет“ (фрагменти) – Игор Стравински
„Ромео и Јулија“ (фрагменти) - Сергеј Прокофјев
Концерт бр. 1 за пијано и оркестар – Сергеј Прокофјев
„Преживеаните од Варшава“ – Арнолд Шенберг
„ Кармина бурана“ („О, фортуна“) - Карл Орф
„Allegro barbaro“ – Бела Барток
„Романски народни танци“ – Бела Барток
Концерт за оркестар (фрагменти) – Бела Барток
„Ајде слушај Анѓо“ за мешан хор - Стефан Гајдов
„Момиче мало ѓаволо“ за мешан хор - Стефан Гајдов
„Лабин и Дојрана“- Трајко Прокопиев
„Кумановка 2“- Трајко Прокопиев
„ Разделба“ (Хорот)- Трајко Прокопиев
„Ленка“- Трајко Прокопиев
„Македонска хумореска“- Тодор Скаловски
„Балтепе“- Тодор Скаловски
„Величанија Кирилу и Методију“- Тодор Скаловски
„Македонско оро“- Тодор Скаловски
„Шарпланинска приспивна“ - Тодор Скаловски
„Хумореска 1“- Живко Фирфов
„Дротар“- Живко Фирфов
„Македонска повест“ („Тешкото“) - Глигор Смокварски
„Рапсодија бр.1“- Глигор Смокварски
„Облаче“ (дувачки квинтет) - Благоја Ивановски
„Размислување“ симфониска поема - Благоја Ивановски
„Македо рустико“ за флејта и оркестар – Благоја Ивановски
„Пасторали“ – Благоја Ивановски
„Кон уморе“- Властимир Николовски
„Жалбена песна“ - Властимир Николовски
„Тешкото“ - Властимир Николовски
„Пародии“ - Властимир Николовски
Симфонија бр. 3 Рустика (фрагменти по избор) – Властимир Николовски
„Цар Самуил“ (Монолог) - Кирил Македонски
„Танчарка“- Кирил Македонски
Арабеска и Токатина за пијано – Тома Прошев
Темпера II за гудачки оркестар – Тома Прошев

„Мусандра II“- Тома Прошев
„Сијанием“ – Томислав Зографски
„Караорман“ – Томислав Зографски
„Собрале ми се набрале“-Томислав Зографски
„Марика мома убава“ – Томислав Зографски
„Стари дедо овци пасе“ - за бас/баритон и симфониски оркестар – Томислав Зографски
Суита за пијано – Томислав Зографски
Симфониета - Томислав Зографски
„Fantasia corale“ за симфониски оркестар – Томислав Зографски
„Пејзаж“ - Михајло Николовски
„Суита IV“ („Danza“) - Михајло Николовски
„Вокализа“ - Ристо Аврамовски
Симфонија бр.4 – Ристо Аврамовски
„Етнографофониа“ - Ристо Аврамовски
„Лидија од Македонија“ (фрагменти) – Ристо Аврамовски
„Селска суита“ – Стојан Стојков
„Молитва“ – Стојан Стојков
„Соната за обоа и пијано“ – Стојан Стојков
„Барокно трио“ – Стојан Стојков
„Змејовата невеста“ (фрагменти) – Стојан Стојков
„Стара песна“ за симфониски оркестар – Томе Манчев
„Песна и танец“ за гудачки оркестар – Томе Манчев
„Танец“ за ударни инструменти и пијано – Томе Манчев
„Интрада и капричо“ за камерен квинтет – Томе Манчев
„ДД...“ за флејта – Томе Манчев
Ноктурно „Во влашкото маало“- Димитрије Бужаровски
„Хумористички песни“ op. 5 - Димитрије Бужаровски
„Prometheus“ op. t24 - Димитрије Бужаровски
Техносимф оп. 42 – Димитрије Бужаровски
Концерт за гудачи, харфа и синтесајзер оп. 33 – Димитрије Бужаровски
„All that Dance“ оп 39, варијавии за две пијана – Димитрије Бужаровски
"Eco Songs" for mezzo-soprano and synthesizer op. 41 – Димитрије Бужаровски
Jazz sonata for alto saxophone, piano and double bass op. 56 – Димитрије Бужаровски
„A Challenge“ op. 64 – Димитрије Бужаровски
https://www.youtube.com/@BuzarovskiArchive
„Камбани“ за две пијана, вибрафон и ѕвона - Гоце Коларовски
„Распеви“ за гудачки оркестар – Гоце Коларовски
„Токата“ за пијано - Гоце Коларовски

„Зурлаџиска“ (за обоа и пијано) - Гоце Коларовски
„Концерт за оркестар“- Гоце Коларовски
„Сам - езгија“ за флејта – Гоце Коларовски
„Крај езеро“- Јана Андреевска
„Болно лежи малој моме“-Јана Андреевска
„Beyond“ за виола и чембало - Јана Андреевска
„Спокој“ за глас, пијано и гудачки оркестар – Јана Андреевска
„Сокол ли сум, бура или бескрајна песна“ за квартет саксофони – Јана Андреевска
„Не си го продавај Кољо чифликот“- Панде Шахов
„Во Струга“ - Панде Шахов
„Две ноктурна“ – Панде Шахов
Квартет бр. 2 за саксофони – Панде Шахов
„Квинтет“ - Вулнет Таири
„Симфонија бр. 1“ - Вулнет Таири
„Метаморфози“ - Фатос Лумани
„Рапсодија за виолина“ - Фатос Лумани
„Трио за виолина, кларинет и пијано“ - Фатос Лумани
Концерт за пијано и оркестар – Фатос Лумани

**Џез и популарна музика во Македонија:**
„Елегија“ за тромбон и биг бенд – Драган Ѓаконовски-Шпато
„Рапсодија за Скопје“ – Александар Џамбазов
„Велеградски варијации“ – Љубомир Бранѓолица
„Caress“ – Илија Пејовски
„Алегорија“ – Кире Костов
„Со маки сум се родил јас“ – Живојин Глишиќ
Инструментални и вокални композиции, аранжмани, обработки по избор

НАПОМЕНА: наставникот може да направи свој избор на македонските автори и дела за слушање

**Фрагменти**

**1. Росини, Белини и Доницети**

https://www.youtube.com/watch?v=6_C87tZ-Z-8
Фрагмент 1: „ВилјамТел“ (Увертира)- ЏоакиноРосини (0:00 -1.24 )
Фрагмент 2: „Севилски бербер“ (Увертира)- ЏоакиноРосини (1:26 - 3:28)
Фрагмент 3: „Севилски бербер“ (КаватинанаФигаро)- ЏоакиноРосини (3:29 - 6:16)
Фрагмент 4: „Севилски бербер“ (КаватинанаРозина)- ЏоакиноРосини (6:18 - 8:05)
Фрагмент 5: „Љубовен напиток“ (Unafurtivalagrima)- ГаетаноДоницети (8:08 - 10:21)

Фрагмент 6:  „Норма“ (Casta Diva)- ВинченцоБелини (10:24- 12:26)

**2. Џузепе Верди**

https://www.youtube.com/watch?v=yO3fKkLEbTw&t=23s

Фрагмент 1: „Аида“ („Слава“ и „Триумфален марш“)- Џузепе Верди (0:00 - 03:05)
Фрагмент2: „Набуко“ (Хорот на Евреите)- Џузепе Верди (03:08 - 06:05)
Фрагмент 3: „Риголето“ (La donna e mobile) - Џузепе Верди (06:07 - 07:06)
Фрагмент 4: „Травијата“ (Винска песна) - Џузепе Верди (07:08 -  09:08)
Фрагмент 5: „Трубадур“ (Хорот на Циганите) - Џузепе Верди (09:11 - 10:37)

**3. Операта во Германија и Франција**

https://www.youtube.com/watch?v=cQPyIqEKv9I&list=RDcQPyIqEKv9I&start_radio=1

Фрагмент 1: „Волшебниот стрелец“ (Хорот на ловците) - Карл Марија фон Вебер (0:01-1:07)
Фрагмент 2: „Валкири“ (Летот на валкирите) - Рихар Вагнер (1.:14 - 2:58)
Фрагмент 3: „Лоенгрин“ (Свадбен марш) - Рихард Вагнер (3.00 - 4:30)
Фрагмент 4: „Кармен“ (Увертира) - Жорж Бизе (4:31 - 6:21)
Фрагмент 5: „Кармен“ (Хабанера) - Жорж Бизе (6:25 - 8:39)
Фрагмент 6: „Кармен“ (Песна на тореадорот) - Жорж Бизе (8:44 - 11:03)
„Кармен“ (Боемски танц од втор чин) - Жорж Бизе – целиот танц

**4. Фредерик Шопен**

https://www.youtube.com/watch?v=idfXjG4G7Yo&list=RDidfXjG4G7Yo&start_radio=1

1. Валцер оп. 64, бр. 1  (0:20)
2.Валцер оп.64, бр. 2  (1:31)
3. Ноктурно оп.9, бр.2 (3:40)
4. Полонеза во As- dur оп.53 (5:30)
5. Соната бр. 2 - „Посмртен марш“ (7:26)
6. Фантазија - Емпромти во cis-moll, оп. 66  (10:09)
7. Револуционерна етида (цела етида)

**5. Руска национална школа**

https://www.youtube.com/watch?v=WvIWRkeoV-c&t=44s

1. Михаил Иванович Глинка: Увертира од операта „Руслан и Људмила“ - 00:17
2. Михаил Иванович Глинка: Полонеза од операта „Иван Сусанин“  - 01:45
3. Александар Порфиревич Бородин: „Половецки танци“ од операта „Кнез Игор“ -04:14
4. Александар Порфиревич Бородин: „Половецки танци“ од операта „Кнез Игор“   (современа обработка) - 06:03
5. Модест Петрович Мусоргски: „Слики од изложбата“ ( „Променада“) - 07:53
6. Николај Андреевич Римски-Корсаков: „Бумбаров лет“ од операта „Сказна за царот Салтан“ - 09:35
7. Николај Андреевич Римски-Корсаков: „Шехерезада“ („Морето и Синбадовиот брод“) - 11:04
8. Михаил Иванович Глинка: Патетично трио во e-moll
9. Модест Петрович Мусоргски: Ноќ на голиот рид
10. Милиј Балакирјев: Исламеј

| |
|---|
| **6. Петар Илич Чајковски**<br>https://www.youtube.com/watch?v=lcCv-_xbHdY&list=RDlcCv-_xbHdY&start_radio=1<br>1. „Лебедово езеро" („Танцот на малите лебеди") - 0:15<br>2. „Лебедово езеро" (Тема) - 1:44<br>3. „Оревокршачка" (Танцот на шеќерната вила") - 3:36<br>4. Полонеза од операта „Евгениј Онегин" - 5:18<br>5. Концерт за пијано и оркестар бр. 1 во b-moll (I став) - 7:31<br>6. Симфонија бр.6 I-став<br>7. Увертира 1812<br>8. Ромео и Јулија<br>**7. Чешка национална школа**<br>https://www.youtube.com/watch?v=L46-3qGvPrg&t=37s<br>1. Беджих Сметана: „Влтава" од симфониската поема „Мојата татковина" - 0:15<br>2. Беджих Сметана: Фуријант од операта „Продадена невеста" - 04:20<br>3. Антонин Дворжак: Словенски танц бр. 2 - 06:55<br>4. Антонин Дворжак: Симфонија бр. 9 („ Од Новиот свет"), IV став - 08:36<br>5.Антонин Дворжак: „Песна на месечината" од операта „Русалка" - 10:23<br>6. Антонин Дворжак: „ Хумореска бр.7" - 13:17<br><br>**- опера (музичко-содржинска обработка) по избор на наставникот**<br>**- симфонија, симфониска поема (по избор на наставникот)** |
| **Примери за активности:**<br><br>**Индивидуална активност:** Секој ученик пишува краток есеј или белешка во која ги споредува карактеристиките на музиката во различните историски периоди (класицизам, романтизам, импресионизам, стиловите на XX век и македонската композиторска школа) и ја презентира пред класот.<br><br>**Индивидуална активност**: Учениците избираат еден композитор по сопствен избор, истражуваат за неговиот живот и творештво преку проверени извори (енциклопедии, монографии, веб-страници) и подготвуваат кратка биографија или постер.<br>На часот ја претставуваат содржината и пуштаат краток музички пример од избраниот автор.<br><br>**Дискусија:** По слушање на неколку музички дела од различни стилски периоди, наставникот отвора дискусија со прашање:<br>*„На кој начин музичките изразни средства (темпо, динамика, хармонија, инструментариум) ја откриваат епохата во која е создадено делото?"* Учениците аргументирано ги споредуваат делата, наведуваат конкретни музички елементи и учествуваат во заеднички заклучок за стилските разлики меѓу периодите. |

**Истражување:** Учениците поделени во четири групи ја истражуваат темата *„Музичката уметност низ времето“* од различен аспект: Група 1: Музички стилови и форми, Група 2: Композитори и изведувачи, Група 3: Музички инструменти и изразни средства, Група 4: Улога на музиката во општеството. Секоја група подготвува презентација или постер и ги претставува резултатите.
По презентирањето следи кратка заедничка споредба — дали сите аспекти се опфатени и како се надополнуваат меѓусебно.

**Квиз:** Наставникот изработува квиз (во *Kahoot*, *Google Forms* или на хартија) со прашања за: карактеристики на музичките стилови, поими (*лајтмотив, увертира, арија, дует, чин*), препознавање на композитори и музички примери. Учениците одговараат индивидуално, а точноста и времето на решавање се земаат како критериуми за успех.

**Естетска проценка**: По слушање на избрани композиции, учениците ги опишуваат музичките особености (темпо, динамика, хармонија, инструментариум) и даваат аргументирана проценка за нивната уметничка вредност. Наставникот ја насочува дискусијата кон заклучоци за стилските разлики и уметничкиот израз.

**Креативна активност**: Учениците поделени во мали групи изработуваат музички колаж составен од фрагменти на композиции од различни историски периоди. Групите го презентираат колажот на час и објаснуваат како избраните делови ја претставуваат еволуцијата на музичкиот израз низ времето.

Тема: ***МУЗИЧКА ТЕОРИЈА ПРЕКУ ПРАКТИКА***
Вкупно часови: **12**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разликува, споредува и анализира карактеристики на звучни примери преку објаснување на изразните елементи (визуелно и аудитивно скали до два предзнака со нивните елементи) и ги користи преку пеење/свирење на едногласни и двогласни песни и вежби со примена на нотен запис;
2. аудитивно разликува и применува синкопа, преттакт, пунктиран ритам и триола во рамноделни тактови во придружба на познати музички примери со различен ритам и музички метар;
3. користи апликации за музичка нотација со примена на научените музички изразни елементи (клучеви, скали со сите елементи, интервали, квинтакорди и видови тактови);
4. препознава, разликува и анализира музичка реченица, период, дводелна и тридела форма, рондо, тема со варијации и сонатна форма.

Важна напомена: Содржините од оваа тема е предвидено да се совладуваат на најосновно ниво, преку практични активности. Важно е учениците да се здобијат со основни сознанија  од музичката теорија, а исклучиво во служба на останатите теми од наставната програма

| за соодветната година на изучување. | |
|---|---|
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • **Скали, интервали и акорди**<br>(скали со два предзнака: D-dur, h-moll, B-dur, g-moll, дурска скала, природен, хармонски и мелодиски вид на молската скала, паралелни скали; акорд, тризвук, дурски квинтакорд од c, f и g, молски квинтакорд од d, e и a преку градење на клавијатура) | • Ги наведува дурските и молските скали со два предзнака и го објаснува значењето на нивните составни елементи (полустепен, цел степен, степен и пол, стапало, тетракорд, повишувалка и разрешувалка).<br>• Ги разликува дурските и молските квинтакорди според нивниот состав и звучна карактеристика.<br>• Креира дурска и молска скала со два предзнака применувајќи ги правилата за изведување на паралелна молска скала.<br>• Формира дурски квинтакорд од c, f и g и молски квинтакорд од d, e и a, прецизно ги означува растојанијата меѓу тоновите во секој акорд.<br>• Анализира мелодиски вежби во скали со два предзнака, при што ги идентификува користените интервали, акорди и изразни средства. |
| • **Ритам, метар и такт**<br>(синкопа во 2/4, 3/4 и 4/4 такт со двојна поделба на мерна единица; преттакт, легатура; пунктиран ритам; неправилна тонска група - триола) | • Го препознава ритамот со синкопа, преттакт, пунктиран ритам, триола во 2/4, 3/4 и 4/4 такт со двојна поделба на мерна единица.<br>• Ја објаснува градбата на синкопата, преттактот, пунктираниот ритам, триолата.<br>• Тактира едноставни  ритмички вежби во 2/4, 3/4 и 4/4 такт во кои е застапена синкопа, преттакт, пунктиран ритам, триола.<br>• Креира и дополнува ритмички вежби во 2/4, 3/4 и 4/4 такт. |
| • **Елементи на музичките форми и музичкиот развој**<br>(истоветност - повторување, сличност - варирање, контраст - нова тема; мотив, фраза – двотакт, реченица, период, дводелна и триделна форма, тема со варијации, рондо, сонатна форма) | • Го препознава музичкиот мотив и ги воочува појавите на повторување, варирање и контраст (нова тема) во слушаните музички примери.<br>• Ја објаснува градбата на музичката фраза (двотакт, реченица, период) и ги опишува основните музички форми: дводелна, триделна, рондо и сонатна форма.<br>• Ги идентификува деловите на триделната форма, рондо и сонатната форма.<br>• Ја објаснува градбата на експозиција во сонатна форма.<br>• Анализира примери од музички дела во периодна, дводелна, триделна, варијациска, рондо и сонатна форма, користејќи соодветна музичка |

| | |
|---|---|
| | терминологија. |
| • **Апликации за пишување ноти** | • Ги применува нотните ознаки во виолински и бас клуч во тоналитети со најмногу две повишувалки и во 2/4, 3/4 и 4/4 такт.<br>• Пишува ноти на мелодиски и хармонски интервали користејќи апликација за дигитално нотно запишување.<br>• Запишува дурски квинтакорди од c, f и g и молски квинтакорди од d, e и a во апликација за пишување ноти. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална и/или групна активност:** Учениците пеат едноставни мелодии по слух и по нотен запис, со и без инструментална придружба (самостојно или во парови).

**Практична активност:** Учениците, самостојно или во мали групи, градат дурски и молски скали, терци, чисти квинти, дурски квинтакорд од c, f и g и молски квинтакорд од d, e и a (на синтисајзер или друг клавишен инструмент). Потоа ги изведуваат и ги нотираат во апликација за пишување ноти, создавајќи кратки музички фрази.

**Практична активност:** Учениците, самостојно или во мали групи, создаваат кратки ритмички вежби со синкопа, пунктиран ритам, триола, преттакт и ги нотираат во апликација за пишување ноти.

**Квиз:** Со примена на дигитална апликација за квизови, наставникот изработува прашања со понудени одговори поврзани со скали, акорди, ритам и музички форми. Учениците самостојно ги решаваат прашањата преку компјутер или мобилен уред. Успешноста се оценува според точноста и времето на одговор.

**Натпревар:** Учениците, поделени во групи, се натпреваруваат во запишување и изведување едноставни музички примери во различни тактови (метроритмички варијации) и различни скали (транспонирање), во петолиниски тетратки или преку апликација за нотно пишување.

**Естетска проценка:** Учениците слушаат музички примери од претккласиката, рококо, класицизмот и романтизмот. Ги опишуваат мелодискиот тек, ритмичките особености, хармонските и полифоните карактеристики, и изведуваат кратка естетска проценка на слушаните дела.

**Истражување:** Учениците пребаруваат и проучуваат аудио или видео изведби на дела со приложени формални анализи на дводелна, триделна форма, рондо, сонатна форма и тема со варијации.

**Анализа на музичка форма:** Учениците изработуваат визуелно-шематски приказ (мисловна мапа) на дводелна или триделна песна, рондо или сонатна форма (со користење на блок за цртање или компјутерска апликација).

**Проект:** Учениците подготвуваат основна анализа на триделна песна, рондо, тема со варијации или сонатна форма и ја прикажуваат преку аудио-визуелен запис (во mp4 формат).

Тема: ***МУЗИЧКА ИЗВЕДБА И КРЕАТИВЕН ИЗРАЗ***
Вкупно часови: **8**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. изведува едноставни песни, вежби и музички примери од различни жанрови и стилови, соло или во група, по слух и/или по нотен запис, со соодветна техника и изразност;
2. учествува во вокални и инструментални изведби (соло, ансамбл, хор, бенд) покажувајќи усогласеност, слушна контрола и соработка со другите изведувачи;
3. креира кратки музички фрази, аранжмани или музички проекти со примена на дигитални алатки (ИКТ), изразувајќи креативност и разбирање на музичките елементи.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Вокална интерпретација и свирење инструменти** (вокална интерпретација, соло, групна и колективна вокална/инструментална изведба, хор, оркестар, бенд, уметничка песна, поп песна, рок песна, народна песна, аранжман, обработка) | • Изведува едноставни песни или музички вежби самостојно или во група, со примена на основни елементи на техника и израз при пеење или свирење по слух или по нотен запис.<br>• Го изразува карактерот и расположението на делото преку интерпретација при пеење или свирење на едноставни музички примери од различни жанрови.<br>• Смислува едноставна ритмичка или тонска придружба за позната песна користејќи ги основните интервали или акорди на клавијатура, гитара или друг инструмент. |
| • **Синкретизам - музиката и другите уметности** | • Избира музика што одговара на краток драмски, филмски или документарен |

| | |
|---|---|
| (кореографија, сценографија, драматизација, аудио и видео со музика, мултимедија, ВИ уредување) | исечок, со помош на компјутер или мобилна апликација.<br>• Соработува во група при избор и уредување на музика за школска приредба, видео-презентација или драматизација, користејќи достапни ИКТ алатки.<br>• Учествува во создавање на кратка музичко-сценска изведба (музичка игра, песна со движење или драматизација) во која комбинира пеење, движење или визуелни елементи. |
| • **Работа со кратки музички фрагменти преку апликации за пишување ноти**<br>(транспозиција, секвенца, мотивско издвојување, имитација) | • Креира едноставни музички фрази со користење на апликација за пишување ноти или друга дигитална музичка алатка.<br>• Менува (транспонира) кратка музичка фраза во друга скала или тоналитет со користење на дигитална апликација.<br>• Модифицира кратка музичка фраза (со промена на ритам, мелодија или динамика) и објаснува како промените влијаат врз изразот и карактерот на музиката. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална и/или групна активност:** Учениците изведуваат едноставни песни или музички примери од различни жанрови, соло или во група, по слух или по нотен запис, со и без инструментална придружба. Наставникот ги насочува кон правилна техника на пеење/свирење и изразност во изведбата.

**Практична активност:** Учениците, самостојно или во мали групи, создаваат кратки музички фрази во апликација за пишување ноти или на инструмент. Ги модифицираат фразите (менуваат ритам, мелодија или динамика) и разговараат за тоа како промените влијаат врз изразот на музиката.

**Истражувачка активност:** Учениците, поделени во групи или парови, истражуваат музички и сценски настани во локалната средина (училишни приредби, хорски настапи, драмски изведби со музика, филмска или театарска музика). Потоа ги презентираат резултатите и предлагаат идеја за краток музичко-сценски настап што може да се реализира во училиштето.

**Креативна активност:** Учениците, поделени во групи, осмислуваат едноставна музичка игра или сценска изведба која комбинира пеење, свирење, движење или драматизација на позната песна. Секој член има своја улога во изведбата, а на крајот ја презентираат пред соучениците.

**Натпревар:** Учениците учествуваат во пријателски натпревар во вокални, инструментални или вокално-инструментални изведби (индивидуално или групно). Наставникот ги вреднува изведбите според однапред утврдени критериуми – интонација, ритам,

изразност и соработка.

**Естетска проценка:** Учениците искажуваат аргументирано мислење за својата и изведбата на другите, користејќи соодветни музички поими (ритам, динамика, темпо, хармонија, израз). Дискутираат како интерпретацијата и креативноста влијаат врз доживувањето на музичкото дело.

Тема: ***МУЗИЧКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО***
Вкупно часови: **8**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. препознава и именува различни видови традиционални песни и ора на македонскиот народ и народите кои живеат во РС Македонија што се изведуваат во рамките на народните обичаи и обреди (свадбени, календарски, семејни и други), да објаснува за значењето на музиката во различни обреди и традиции, и да ја поврзува со нејзината општествена и културна функција.
2. препознава музички фолклор на народите од регионот, Европа и светот;
3. објаснува сличности и разлики помеѓу танци на народите од регионот, Европа и светот;
4. објаснува за важноста и начините на зачувување и одржување на културното/музичкото наследство на регионот, Европа и светот;
5. пее/свири примери од песните, танците од народната традиција од регионот, Европа и светот, применувајќи ги нивните музички изразни елементи.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Музиката во обичаите и традициите на македонскиот народ и народите кои живеат во РС Македонија**<br>(обичај, традиција, обред, свадбени песни и ора, песни и ора поврзани со обреди и традиции) | • Ги препознава и именува музичките примери поврзани со различни обичаи и традиции (на пример, свадбени, календарски, обредни песни и ора).<br>• Објаснува улога и значење на музиката во обичаите и традициите на различни заедници во државата и ја поврзува со нејзината културна и општествена функција.<br>• Споредува традиционални песни и ора од македонскиот народ и од народите кои живеат во РС Македонија, идентификувајќи сличности и разлики во мелодискиот, ритмичкиот и изразниот карактер. |
| • **Музичко културно наследство во регионот, Европа и светот** | • Препознава и именува музичко културно наследство од различни регионални, европски и светски традиции (народни песни, ора, танци и инструменти) преку слушање и гледање музички примери. |

| | |
|---|---|
| (обичај, традиција, обред, песни и танци) | • Ги објаснува разликите меѓу македонските народни танци и ора и народните танци од регионот,  Европа и светот.<br>• Го споредува стилот на изведба (чекори, потскок, вртење, фигури) и составот на инструменталната придружба кај различните народи од регионот, Европа и светот.<br>• Идентификува сличности и разлики меѓу различни видови танци во регионот, Европа и светот  според нивната форма, намена, место и начин на изведба. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална активност:** Учениците самостојно истражуваат и пишуваат краток есеј за карактеристиките на народните песни, танци и инструменти во музичките традиции на народите во регионот, Европа и светот (на пр. *„Звукот на Европа“*, *„Музичко патување низ балканскиот регион како дел од светското културно наследство“*).

**Дискусија:** По претходно истражување, учениците развиваат дискусија на тема „Како да се зачувува музичко културно наследство во регионот, Европа и светот?“ што ја води наставникот. Учениците аргументираат зошто е важно зачувувањето и кои се современите начини за тоа. На крај се формулира заеднички заклучок.

**Истражувачка активност:** Учениците, поделени во групи, избираат еден обичај или традиција (на пр. свадба, Ѓурѓовден, коледарски обреди, жетварски песни, баење, ромски свадбени песни) и собираат податоци за неговото значење, изведба и улога на музиката. Анализираат пример (песна или оро) и ги идентификуваат елементите (ритам, мелодија, структура, инструментариум) што ја поврзуваат музиката со обредот.

**Истражувачка активност:** Во мали групи, учениците истражуваат дигитални архиви на народни песни, танци и инструменти на народите од  регионот, Европа и светот. Ги споредуваат нивните карактеристики и констатираат сличности и разлики. Резултатите ги презентираат преку краток аудио-визуелен материјал подготвен со помош на ИКТ.

**Натпревар:** Учениците се натпреваруваат во изведба на народни песни, танци, ора или инструментални делници, индивидуално или во групи. Се оценуваат според изразност, точност, усогласеност и сценски настап.

**Проект:** Учениците изработуваат пано или дигитален колаж со фотографии и кратки описи на народните носии, инструменти и танци од европските народи (на пр. *„Европа во бои, звуци и движења“ и сл.*).

**Проект:** Учениците гледаат видео-записи со народни танци од РС Македонија,  регионот, Европа и светот. Под водство на наставникот, ги споредуваат чекорите, формацијата, темпото и фигурата. Изработуваат табела за споредба на изразните елементи и учат едноставни чекори од избрани танци.

**Естетска проценка:** Учениците слушаат композиции од различни жанрови во кои е присутна народната музичка традиција на народите од регионот, Европа и светот (обработки, хармонизации, инструментални состави). Ја проценуваат улогата на народниот елемент и начинот на негово вклучување во современите музички облици.

**Активност за напредни ученици:** Учениците составуваат „топ листа“ на народни танци од регионот, Европа и светот. Креираат звучен колаж  со избрани фрагменти од тие традиции (со програми како Sound Forge, Cubase и слични).

*Препорака: Заради поврзување и трајно меморирање на теоретските знаења и слушаните дела од основно образование со средно образование, се препорачува Прилог - Листата со избор композиции за слушање музика, наменета за третиот образовен период од основното образование, да се користи како ресурс и во втората година на изучување Музичка уметност во гимназиско образование.*

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- учеството и ангажманот при изведбата на вокални и инструментални активности (групни или индивидуални), со внимание на примената на знаењата од музичката теорија и правилното изразување, а не на уметничкиот квалитет на изведбата;
- учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика, за креативен музички израз и во натпреварите и музичките приредби;
- истражувачките активности при кои ученикот врши набљудување, собирање податоци, претставување резултати (со табели, дијаграми) и нивно презентирање;
- изработките (илустрации, презентации, шематски прикази, проекти, аудио и видеоснимки, нотни записи и сл.);
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 21 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичка уметност* за II (втора) година гимназиско образование.** | бр. 13-13939/7<br><br>21.11.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>____________________________ |